# З А П И С Н И К

## Од 39.тата редовна седница на Советот на Општиа Берово, одржана на 06.07.2012 година во салата за состаноци на Општина Берово со почеток во 09:00 часот

Седницата ја отвори и со неа раководеше Славчо Аждерски, најстариот член на Советот на Општина Берово.

Од 15 советници, на седницата присутни беа 15 советници: Емилија Шуманска, Славчо Аждерски, Славчо Буровски, Зоран Мазновски, Лилјана Полевска, Љупка Дупкарска, Владо Клинчарски, Ванчо Ременски, Горан Буровски, Ванчо Брашнарски, Љупчо Русковски, Јагода Шахпаска, Драги Белчовски, Илија Рунтевски и Јован Матеничарски.

Претседавачот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и: Градоначалникот на Општина Берово Драги Наџински, Раководителот на Одделението за финансии, буџет, општински имот и администрирање на даноци Звонко Пекевски и Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански.

За  работата на Советот на оваа седница, Претседавачот со Советот го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ-ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записник од 38.ма седница на Советот на Општина Берово;
2. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2012 година за периодот од 01.04.2012 до 30.06.2012 година;
3. Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на чисти паралелки од I-во до VII-мо одделение со помалку од 24 ученици во ООУ„Никола Петров Русински“-с.Русиново за учебната 2012/2013 година;
4. Предлог-Одлука за усвојување на Елаборат за штета од обилни врнежи(поплави) што зафати дел од подрачјето на Општина Берово на 26.ти и 27.ми мај 2012 година;
5. Предлог-Одлука за формирање Совет за јавно здравје;
6. Предлог-Одлука за престанок на користење недвижна ствар „Стара Гимназија“-Берово на УГД„Гоце Делчев“-Штип;
7. Предлог-Одлука за донесување Урбанистички план вон населено место за туристичка населба Беровско Езеро;
8. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ за подрачјето на Општина Берово за 2012 година;
9. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Берово за 2012 година;
10. Локален Акционен План за имплементација на Декада на Ромите за период 2012-2015 година;
11. Извештај за работа на овластен урбанистички и градежен инспектор на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година;

12. Извештај за работа на овластен комунален инспектор на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година;
13. Извештај за работа на овластен инспектор за сообраќај и локални патишта на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година;
14. Извештај за работа на овластен инспектор за образование, спорт и култура на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година;
15. Предлог-Правилник за начинот и критериумите на остварување на правото на парична помош за социјално домување на лица корисници на постојана парична помош, социјално загрозени-станбено необезбедени;
16. Барања од институции и граѓани;
17. Советнички иницијативи и прашања.

Претседавачот со Советот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Градоначалникот Драги Наџински образложи дека сака да ја повлече точка 3 од дневниот ред, поради ситни технички грешки, кои корекции ги прави Пела проект, а поради нив ќе настанат и финансиски промени, а на нејзино место да бидат ставени Предлог-Одлуките за донесување на согласност за формирање на паралелки, а како уште една точка да биде додаден Предлог-Правилникот.

Во име на советничката група на СДСМ беше побарана пауза од страна на советничката Лилјана Полевска.

После паузата поединечно беше гласано за предлозите од страна на Градоначалникот Драги Наџински.

Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на чисти паралелки од I-во до VII-мо одделение со помалку од 24 ученици во ООУ„Никола Петров Русински“-с.Русиново за учебната 2012/2013 година беше станева на гласање.

Од присутните 15 советници, со 7 гласа ЗА, 4 гласа ПРОТИВ, 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои се присутни а не гласале, Советот го усвои предлогот на Градоначалникот Драги Наџински-Предлог-Одлуката Одлука за давање согласност за формирање на чисти паралелки од I-во до VII-мо одделение со помалку од 24 ученици во ООУ„Никола Петров Русински“-с.Русиново за учебната 2012/2013 да биде 3.та точка на дневниот ред.

Предлог-Одлуката За ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ не беше усвоена, со образложение дека ќе биде ставена на дневен ред кога ќе пристигне и од гимназијата.

Предлог-Правилник за начинот и критериумите на остварување на правото на парична помош за социјално домување на лица корисници на постојана парична помош, социјално загрозени-станбено необезбедени беше ставен на гласање.

Од присутните 15 советници, со 7 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ, 7 гласа ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои се присутни а не гласале, Советот го усвои предлогот на Градоначалникот Драги Наџински- Предлог-Правилник за начинот и критериумите на остварување на правото на парична помош за социјално домување на лица корисници на постојана парична помош, социјално загрозени-станбено необезбедени да биде ставен како 15.та точка на дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување следниот дневен ред за работа на 39.тата седница:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записник од 38.ма седница на Советот на Општина Берово;
2. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2012 година за периодот од 01.04.2012 до 30.06.2012 година;

3. Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на чисти паралелки од I-во до VII-мо одделение со помалку од 24 ученици во ООУ„Никола Петров Русински“-с.Русиново за учебната 2012/2013 година;
4. Предлог-Одлука за усвојување на Елаборат за штета од обилни врнежи(поплави) што зафати дел од подрачјето на Општина Берово на 26.ти и 27.ми мај 2012 година;
5. Предлог-Одлука за формирање Совет за јавно здравје;
6. Предлог-Одлука за престанок на користење недвижна ствар „Стара Гимназија“-Берово на УГД„Гоце Делчев“-Штип;
7. Предлог-Одлука за донесување Урбанистички план вон населено место за туристичка населба Беровско Езеро;
8. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ за подрачјето на Општина Берово за 2012 година;
9. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Берово за 2012 година;
10. Локален Акционен План за имплементација на Декада на Ромите за период 2012-2015 година;
11. Извештај за работа на овластен урбанистички и градежен инспектор на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година;
12. Извештај за работа на овластен комунален инспектор на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година;
13. Извештај за работа на овластен инспектор за сообраќај и локални патишта на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година;
14. Извештај за работа на овластен инспектор за образование, спорт и култура на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година;
15. Предлог-Правилник за начинот и критериумите на остварување на правото на парична помош за социјално домување на лица корисници на постојана парична помош, социјално загрозени-станбено необезбедени;
16. Барања од институции и граѓани;
17. Советнички иницијативи и прашања.

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА, 6 гласови ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предложениот ДНЕВЕН РЕД за работа на 39.тата седница.

**1.Усвојување на Записник од 38.ма седница на Советот на Општина Берово**

Претседавачот со Советот отвори расправа по Записникот од 38.мата седница.

Советникот Јован Матеничарски даде забелешка дека оние 50% треба да бидат заменети со 70%, во делот за плати.

Советникот Славчо Аждерски даде забелешка

Од присутните 15 советници, со 11 гласа ЗА, 4 гласови ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Записникот од 38.ма седница на Советот на Општина Берово.

**2.Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2012 година за периодот од 01.04.2012 до 30.06.2012 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по кварталниот извештај. Збор му даде на образлагачот- Раководителот на Одделението за финансии, буџет, општински имот и администрирање на даноци Звонко Пекевски.

Раководителот Звонко Пекевски образложи дека кварталниот извештајс е доставува до советот на Општина Берово заклучно со 30.06. по збирни сметки. Реализацијата во приходниот дел е остварена во 33,42%, во делот на дотации е 46,1% а во делот за самофинансирачки активности изнесува 35,9%. Во однос на претходната година објасни дека има намалување на приходната страна некаде околу 10%, сметката на трансфери е помала, но исто така образложи и дека за месец јуни не е реализирана. Во сметката на дотации објасни дека има редовен трансфер на средства во приходна страна. Тој кажа дека ќе им одговара поединечно на прашања доколку ги имаат во врска со кварталниот извештај, во приходна или расходна страна.

Побарано беше да се произнесат со мислење и став комисијата за финансирање и буџет, но бидејќи не се состанале, не беше изнесен став или мислење.

Беше отворена дискусија околу комисиите општо, за тоа кој ги свикува нив и зошто не се состануваат, покрај тоа што се уредно поканети. Конкретно, советникот Владо Клинчарски се произнесе дека тој се откажал од функцијата претседател на комисијата за даноци и буџет, па затоа не ја свикал неговата комисија. Советникот зоран Мазновски се надоврза дека за престанок на функцијата претседател треба да поднесе писмено барање, односно писмена оставка. Советничката Јагода Шахпаска се надоврза на истото, цитирајќи го член 59 од Статутот на Општина Берово, каде е објаснето како се избираат претседателите и членовите на комисиите, наведувајќи дека не треба само џабе да ги обвинуваат дека не функционираат комисиите, туку треба да се формираат нови комисии, па претседателите да си ги свикуваат комисиите, а не вработените во локалната самоуправа.

Советничката Емилија Шуманска постави прашање до Раководителот Звонко Пекевски, во врска со капиталниот баланс, каде реализацијата во вториот квартал изнесува 2.235.159,5 денари, а во расходниот дел изнесува 9.095.312,5 денари. На што се должи таа разлика.

Раководителот Звонко Пекевски одговори дека токму поради тоа го објаснува кварталниот извештај по сметки, така да тековно оперативните приходи се наменети за капитални расходи, согласно со правилникот. Според тоа, средствата кои се приберени за да ги финансираат тековните обврски, во поголем дел се пренесени и со нив се финансирани капиталните расходи.

Советничката Јагода Шахпаска постави прашање до Раководителот Звонко Пекевски зошто во даночни приходи, кај такси за користење или дозволи за вршење на дејност, од планираните 1.680.000,00 се реализирани само 207.199,00 денари.

Раководителот Звонко Пекевски одговори дека овдека станува збор за средствата по основ на надомест за јавна чистота кои редовно се сервисираат за соодветниот квартал, кои се прибираат од граѓаните и треба да се пренесат на сметката на Општина Берово како приход, па затоа овде се јавува таа разлика, бидејќи во најголем дел средствата се по основ на надомест за јавна чистота и одат побавно работите.

Советничката Јагода Шахпаска се надоврза на дискусијата на Раководителот Звонко Пекевски, дека тој кажал дека во други нивоа на власт од трансфери ДДВ не е реализирано, па дали тоа значи дека ќе се зголеми реализацијата и со колку.

Раководителот Звонко Пекевски одговори дека овие се однесуваат на тековно оперативни, и реализацијата е по други основи, а не по основ на ДДВ. Дел се сервисираат преку буџетските средства, дел се користат, ама не секој пат се следи динамиката на приходите со расходите, па се гледа што поголем дел од тековните средства да бидат сервисирани.

Советникот Јован Матеничарски постави прашање до Раководителот Звонко Пекевски зошто реализацијата е толку мала во вкупните капитални расходи.

Раководителот Звонко Пекевски му одговори дека во овој период тековни средства на сметката на донации се само 412.500 денари, а има и состојба на сметка која се уште не е реализирана, поради соодветната динамика на проектите. Освен тие што ги споменал како ековна состојба, немаат друг приход.

Градоначалникот Драги Наџински се надоврза дека во реализацијата на буџетот во ставката се предвидени 7 милиони или 8, предвидувањето е од тоа што при аплицирање за донација имаат сознанија дека агенцијата дава толку пари, кои нема да бидат реализирани во приходна, но ќе бидат реализирани во расходна. Ќе има изедначување на приходна и на расходна страна кога агенцијата до крајот на годината ќе ги преведе парите па потоа ќе се трошат и сервисираат. Воедно Градоначалникот се надоврза на дискусијата за средствата по основ на надомест за јавна чистота, кои заради лошата финансиска состојба на ЈПКР, иако тој врши притисок да се сервисираат. Но во последно време тој не им сервисира средства на нив за извршени услуги кон Општината се додека тие не ги исплатат, за да се дојде до измирување на сметките. Според тоа, некаде околу 50% од средствата за надомест на јавна чистота ќе бидат скоро исплатени.

Советничката Лилјана Полевска посочи на првиот квартал кој е реализиран со 16,7.

Раководителот Звонко Пекевски одговори дека не е тоа бројка 16,6, туку секоја сметка има свој приход и свој расход. Во услови на финансиска криза, веќе третина од буџетот е реализиран.

Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2012 година за периодот од 01.04.2012 до 30.06.2012 година беше ставен на гласање.

Од присутните 15 советници, со 8 гласа ЗА, 6 гласови ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2012 година за периодот од 01.04.2012 до 30.06.2012 година.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци.

**3.Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на чисти паралелки од I-во до VII-мо одделение со помалку од 24 ученици во ООУ„Никола Петров Русински“-с.Русиново за учебната 2012/2013 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по одлуката за давање согласност за формирање паралелки.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседавачот со Советот ја затвори расправата и ја стави Предлог-Одлуката за давање согласност за формирање на чисти паралелки од I-во до VII-мо одделение со помалку од 24 ученици во ООУ„Никола Петров Русински“-с.Русиново за учебната 2012/2013 година на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 8 гласа ЗА, 6 гласови ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за давање согласност за формирање на чисти паралелки од I-во до VII-мо одделение со помалку од 24 ученици во ООУ„Никола Петров Русински“-с.Русиново за учебната 2012/2013 година.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци.

**4.Предлог-Одлука за усвојување на Елаборат за штета од обилни врнежи(поплави) што зафати дел од подрачјето на Општина Берово на 26.ти и 27.ми мај 2012 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Советничката Лилјана Полевска постави прашање зошто не е доставен заедно со елаборатот и список со имиња и презимиња на оштетени странки.

Правничката Светлана Бошначка, како претседател на комисијата за елементарни непогоди и одговори дека ова е веќе трет елаборат, кои се донесуваат по утврдена констатирана штета. Комисијата поединечно изготвила пресметки за сите со табеларен преглед, кој не се става во елаборатот, а самиот елаборат констатира форма во која треба да се изготви според методологијата за проценка на штети, кој требада се достави до Министерство за финансии и до комисијата за обештетување во Владата на РМ. Кога ќе стигнат средствата, се оди по записникот кој е изготвен од комисијата поединечно и со износи, а доколку имаат прашања за поединци, да се информираат во одделението за финансии. Според тоа, тоа не е составен дел од елаборатот, тој само збирно ги содржи податоците кои треба да одат по МЗ или по физички лица.

Советничката Лилјана Полевска праша зошто е правена проценка на штета за насади со грав, која гравот покасно се сади, па според тоа не бил никнат.

Правничката Светлана Бошначка одговори дека комисијата излегла на терен и направена е проценка, гравот веќе бил посаден, врз основа на 19 барања извршена е контрола и проценка на 25 парцели од страна на комисијата за штети. Проценката на штетата ја има направено агроном.

Советникот Владо Клинчарски се надоврза на дискусијата, дека според него, за запознавање на советниците, во елаборатот треба да стои име и презиме, број на катастерска парцела, површина, оштетеност и култура.

Правничката Светлана Бошначка му одговори дека тие го имаат сето тоа како предмет и стои во архива. Не е убаво пред да се усвои елаборатот од Владата да се укажува на средства и на лица.

Советникот Јован Матеничарски постави прашање дали има некој што поднел барање, а неговото барање не е разгледано.

Правничката Светлана Бошначка кажа дека двајца кои поднеле барање, биле известени, но не дошле кога комисијата излегла на терен бидејќи немало штета, а на сите други барањата биле разгледани и било излезено на лице место.

Советничката Јагода Шахпаска праша дали одобрувањето на средствата од Владата оди поединечно како што се барањата, или општината ќе ги собере збирно средствата.

Градоначалникот Драги Наџински одговори дека Општината ќе ги добие збирно средствата од страна на Владата, а потоа со решение во однос на процентот ќе бидат поделени и сервисирани средствата до граѓаните.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Предлог-Одлуката за усвојување на Елаборат за штета од обилни врнежи(поплави) што зафати дел од подрачјето на Општина Берово на 26.ти и 27.ми мај 2012 година беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 14 гласа ЗА, нема советници кои гласале ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за усвојување на Елаборат за штета од обилни врнежи(поплави) што зафати дел од подрачјето на Општина Берово на 26.ти и 27.ми мај 2012 година.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци.

**<u>5.Предлог-Одлука за формирање Совет за јавно здравје</u>**

Претседавачот и даде збор на советничката Јагода Шахпаска, која посочи дека во преамбулата се повикуваат на членови од службени весници, а таму во нив нема ништо

конкретно за овој совет, за нивните обврски и задачи, па дали може некој да појасни за што ќе се работи.

Правничката Светлана Бошначка одговори дека најпрвин Советот донесува одлука за да се формира Совет за јавно здравје, како тело, а на следната седница ќе се донесе решение со кое ќе се именуваат 4 членови, претставници од Општината,како и еден претставник од ЈЗУ Берово. Советот ќе соработува со центарот за јавно здравје, кој согласно законот, како центар за јавно здравје, може да биде формиран на 70.000 жители. За нас би било тоа Кочани.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Предлог-Одлуката за формирање Совет за јавно здравје беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 13 гласа ЗА, 1 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои, Предлог-Одлуката за формирање Совет за јавно здравје.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци.

**6.Предлог-Одлука за престанок на користење недвижна ствар „Стара Гимназија“-Берово на УГД„Гоце Делчев“-Штип**

Претседавачот со Советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Советничката Лилјана Полевска постави прашање до Градоначалникот Драги Наџински колку средства по основ на изнајмување на овие простории се прибрани од УГД.

Градоначалникот Драги Наџински и одговори дека просториите биле издавани без надомест, а истото тоа го пишува во одлуката која тие ја донеле за изнајмување на тие простории.

Советничката Јагода Шахпаска се надоврза на дискусијата, потсетувајќи го Градоначалникот Драги Наџински дека тој велел дека тие се против образование на млади средношколци во Општина Берово, потсетувајќи го и советникот Ванчо Ременски дека Општина Берово ќе имало голема финансиска придобивка ако дојдат да учат студенти од другите места, да се образуваат во нашата општина. Таа праша дали тоа воопшто функционирало, колку студенти поминале во тие школски учебни години и зошто згаснало.

Градоначалникот Драги Наџински одговори дека во прва година имало 40 студенти, кои потоа биле сведени на 20. Сите редовно полагале. Втората година немало доволен број на запишани студенти и тие што се запишале, околу 11, ги пренасочиле во Штип, а испитните сесии се одвивале во Берово. Третата година заради незаинтересираност, немало запишано ниту еден студент. Од тие причини треба да им се укине одлуката за користење на тој објект, кој УГД не го користи, а барање има од ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ да можат да го користат, како и да го одржуваат, за да не дојде до распаѓање.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Предлог-Одлуката за престанок на користење недвижна ствар „Стара Гимназија“-Берово на УГД„Гоце Делчев“-Штип беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 12 гласа ЗА, 1 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за престанок на користење недвижна ствар „Стара Гимназија“-Берово на УГД„Гоце Делчев“-Штип.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци, и советничката Лилјана Полевска.

**7.Предлог-Одлука за донесување Урбанистички план вон населено место за туристичка населба Беровско Езеро**

Претседавачот со Советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред, давајќи му збор на образлагачот –Раководителот Мишо Догазански.

Раководителот на одделението за урбанизам Мишо Догазански објасни дека имале официјален детален увид. Со странките е усогласено. Од Министерството за транспорт и врски добиле крајна согласност и сега е потребно и од страна на Советот да биде донесена одлука за донесување на урбанистички план, според кој ќе се дава одобренија.

Советникот Владо Клинчарски постави прашање до Раководителот Мишо Догазански дали овие парцели се вон првата зона.

Раководителот Мишо Догазански одговори дека се работи за парцели надвор од првата зона. Во првата зона, надополни тој, дека се наоѓа само кајакарското друштво, каде само се чуваат кајаците како информативна линија и не се загадува.

Советникот Владо Клинчарски постави прашање до Раководителот Мишо Догазански што ќе биде со тие парцели кои веќе се изградени, односно на нив има некој % на изграденост. Затоа што некои плаќаат едни комуналии, а оние барања за легализација давачките ги подмируваат со евро од квадрат, а за некои ќе има јавно наддавање.

Раководителот Мишо Догазански одговори дека со донесувањето на планот се дефинира дека може да се гради. Државното земјиште е ставено во програмата за да може да се продава. Таму каде што веќе има изградено објекти нема да оди со лицитација, туку ќе има можност за спогодба. Со законот за легализација ќе имаат можност да се дооформат тие парцели. Тој објасни дека ако нема дивиградби, нема да постои и закон за легализација на дивоградби.Дивоградбите можат да се реализираат и без урбанистички план.

Советничката Јагода Шахпаска постави прашање до Раководителот Мишо Догазански, дали и оние дивоградби кои се во првата заштитна зона ќе бидат легализирани, и во која зона се наоѓа Вип хотелот, како потпрашање.

Раководителот Мишо Догазански одговори дека таквите нема да имаат право на легализација, а за Вип хотелот кажа дека не се наоѓа во прва забранета зона, туку дека се наоѓа во втората зона. Тој објасни дека во 2007 година е почнат планот, а во 2008 година е добиено мислењето, кога било помеѓу предлог и нацрт.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Предлог-Одлуката за донесување Урбанистички план вон населено место за туристичка населба Беровско Езеро беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 8 гласа ЗА, 5 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за донесување Урбанистички план вон населено место за туристичка населба Беровско Езеро.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци, и советникот Илија Рунтевски.

**8.Предлог-Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ за подрачјето на Општина Берово за 2012 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Одлуката за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ за подрачјето на Општина Берово за 2012 година беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 7 гласа ЗА, 7 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот не ја усвои Предлог-Одлуката за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ за подрачјето на Општина Берово за 2012 година

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци.

**9.Предлог-Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Берово за 2012 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Предлог-Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Берово за 2012 година беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 7 гласа ЗА, 7 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот не ја усвои Предлог-Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Берово за 2012 година.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци.

**10.Локален Акционен План за имплементација на Декада на Ромите за период 2012-2015 година**

Претседавачот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Локалниот Акционен План за имплементација на Декада на Ромите за период 2012-2015 година беше ставен на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 13 гласа ЗА, 1 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Локалниот Акционен План за имплементација на Декада на Ромите за период 2012-2015 година.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци.

**11.Извештај за работа на овластен урбанистички и градежен инспектор на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година**

Претседавачот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, извештајот беше ставен на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 13 гласа ЗА, 1 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Извештајот за работа на овластен урбанистички и градежен инспектор на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци.

**12.Извештај за работа на овластен комунален инспектор на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година**

Претседавачот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, извештајот беше ставен на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 13 гласа ЗА, нема советници кои биле ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Извештајот за работа на овластен комунален инспектор на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци и советникот Ванчо Брашнарски, кој беше излезен од салата.

**13.Извештај за работа на овластен инспектор за сообраќај и локални патишта на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година**

Претседавачот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, извештајот беше ставен на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 13 гласа ЗА, нема советници кои биле ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Извештајот за работа на овластен инспектор за сообраќај и локални патишта на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци и советникот Ванчо Брашнарски, кој беше излезен од салата.

**14.Извештај за работа на овластен инспектор за образование, спорт и култура на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година**

Претседавачот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, извештајот беше ставен на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 13 гласа ЗА, нема советници кои биле ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Извештајот за работа на овластен инспектор за образование, спорт и култура на Општина Берово за периодот од 01.01.2012 до 30.06.2012 година.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци и советникот Ванчо Брашнарски, кој беше излезен од салата.

**15.Предлог-Правилник за начинот и критериумите на остварување на правото на парична помош за социјално домување на лица корисници на постојана парична помош, социјално загрозени-станбено необезбедени**

Претседавачот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Правилник за начинот и критериумите на остварување на правото на парична помош за социјално домување на лица корисници на постојана парична помош, социјално загрозени-станбено необезбедени беше ставен на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 7 гласа ЗА, 6 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Предлог-Правилник за начинот и критериумите на остварување на правото на парична помош за социјално домување на лица корисници на постојана парична помош, социјално загрозени-станбено необезбедени.

Од гласањето беше отсутен советникот Горан Буровски, кој не беше присутен во салата за состаноци и советникот Ванчо Брашнарски, кој беше излезен од салата.

**16.Барања од институции и граѓани**

***Барање** од ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ за преотстапување на просториите по информатика во старата гимназија.

-Ставено на усвојување и усвоено со 7 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

***Барање** од Заедница на сопственици Кеј на Револуцијата број 12, влез 1,2 и 3, за овозможување на пат од улицата „Моша Пијаде“.

После долга дискусија околу барањето, дали тоа зависи или не зависи од неусвојувањето на Предлог-Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, беше одлучено во врска со барањето барателите да бидат известени во врска со решавање на проблемот од страна на Одделението за комунални дејности, бидејќи Советот не е надлежен за уредување на комуналната инфраструктура.

Советничката група на СДСМ ја напуштија седницата поради незадоволство од одлученото по барањето.

Седницата беше прекината во 12 часот, бидејќи немаше услови, односно немаше кворум за продолжување и водење на истата.

Претседавачот со Советот ја затвори 39.тата седница на Советот на Општина Берово која беше прекината во 12 часот.

**Бр.**
**--.--.2012 година**
**Берово**

| | |
|---|---|
| **Записничар** | **Претседавач со Совет** |
| **Зорица Ризовска** | **Славчо Аждерски** |
| **---------------------------** | **---------------------------** |
| **(потпис)** | **(потпис)** |